# Монитор за социјални права

## 2021

## Европски трендови



solidar

TOGETHER FOR
SOCIAL EUROPE

FEPS
FOUNDATION FOR EUROPEAN
PROGRESSIVE STUDIES

# Вовед

| | ЕУ-28 2018 | ЕУ-28 2019 | ЕУ-28 2020 |
|---|---|---|---|
| **Џиниев коефициент**[1] | 30,8 | 30,7 | |
| **Невработеност**[2] | 6,8% | 6,3% | 7,1 % |
| **Индекс на родова еднаквост**[3] | 66,2 (2017) | 67,4 | 67,9 |
| **Сиромаштија кај вработени лица**[4] | 9,4% | 9,2% | |
| **Пренатрупаност на станбен простор**[5] | 15,5% | 15,6% | |

**Избрани индикатори за состојбата на социјалните права во Европа**
Податоците што недостасуваат за 2020 година не се достапни во моментот на објавување на Мониторингот за социјални права 2021 година.

СОЛИДАР (SOLIDAR) е европска и светска мрежа од повеќе од 50 граѓански организации (ГО), кои ги споделуваат основните вредности на еднаквост, солидарност и учество. СОЛИДАР промовира праведна транзиција и социјална правда – во смисла на еднаква и правична распределба на богатството, знаењето, приходите и моќта – преку достапни и квалитетни социјални услуги, социјална заштита, доживотно учење и фер работни услови.

Столбот за социјални работи на СОЛИДАР, „Остварување на социјална Европа за сите и со сите", се фокусира на социјалните димензии на Европската унија. Ги анализира и следи европските пазари на труд и економското и фискалното управување и промовира зголемен пристап до одржливи, универзални и квалитетни услуги за сите, вклучително и маргинализираните групи, мигрантите, бегалците и барателите на азил.

За таа цел, Столбот за социјални работи на СОЛИДАР го воспостави Мониторот за социјални права, годишна публикација која го истражува влијанието на социјалните и економските политики на европско и национално ниво. Публикацијата од 2021 година испитува 13 земји на ЕУ - Бугарија, Хрватска, Чешка, Данска, Естонија, Франција, Германија, Грција, Унгарија, Италија, Луксембург, Шпанија и Холандија - како и Обединетото Кралство и две земји кандидати за членство во Европската унија, Србија и Северна Македонија. Во секоја од 16-те земји, беа формирани „Национални стратешки групи" од страна на членовите или партнерите на СОЛИДАР, кои обезбедија основни статистички податоци и наоди благодарение на експертизата на граѓанските организации, академици, синдикалци и национални експерти.

Секое поглавје е посветено на една земја, а структурата на мониторите во земјата

1 Евростат (2021). Џиниев коефициент на еквивалентен расположлив приход: http://appsso.eurostat.ec.europa.eu/nui/show.do?lang=en&dataset=ilc_di12
2 Евростат (2021). Невработеност по пол и возраст: годишни податоци: https://appsso.eurostat.ec.europa.eu/nui/show.do?dataset=une_rt_a&lang=en
3 Европски институт за родова еднаквост (2021). Индекс на родова еднаквост: https://eige.europa.eu/gender-equality-index/2020/EU
4 Евростат (2021). Стапка на ризик од сиромаштија кај вработени лица: https://ec.europa.eu/eurostat/databrowser/view/tespm070/default/table?lang=en
5 Евростат (2021). Стапка на пренатрупаност по возраст, пол и статус на сиромаштија - вкупно население: https://ec.europa.eu/eurostat/databrowser/view/ilc_lvho05a/default/table?lang=en

ја отсликува онаа на Европскиот столб за социјални права.[6] Има три поглавја: еднакви можности и пристап до пазарот на трудот, правични работни услови, како и социјална заштита и вклученост. Ова му овозможува на СОЛИДАР полесно да ја процени имплементацијата на социјалниот столб на национално ниво. Конечно, мониторот го проценува граѓанскиот простор, преку оценување на слободата на изразување, здружување и мирно собирање, како и граѓанскиот и социјалниот дијалог. Оваа година, поглавјата завршуваат со дел посветен на степенот до кој граѓанското општество е вклучено во подготовката на националните Планови за закрепнување и отпорност финансирани од Европскиот фонд за закрепнување и отпорност. Оваа финална анализа се врши само во поглавјата кои се однесуваат на членките на Европската унија.

Сè на сè, Мониторингот за социјални права 2021 идентификува општа тенденција каде што фокусот се става врз одредени влијанија што произлегуваат од Ковид-19. Пандемијата не само што ги влоши постојните нееднаквости низ земјите, туку и ги зголеми ефектите од лошото управување со јавните фондови, намалувајќи ја севкупната доверба во политиката и институциите и често генерирајќи социјални немири и превирања. Пандемијата обезбеди основа за граѓанското општество и организираните работници да се залагаат за нови теми да бидат вметнати во агендите на владите, бидејќи јавните власти беа насила принудени да размислуваат и да се справат со одредени итни прашања кои претходно не биле приоритетни. На пример, менталното здравје и дигиталниот јаз станаа клучни теми за граѓанското општество и организациите, додека владите ширум Европа и пошироко мораа да се занимаваат со јавното управување со образовните и здравствените институции. Пандемијата понуди изговор за да се размислува надвор од рамката и да се развиваат алтернативни методи на работа, учење, патување и многу повеќе. Понекогаш, се пронаоѓаа поинклузивни методи кои претходно не се сметаа за можни. Речиси секоја група за национална стратегија известува за воведувањето на работа на далечина како највпечатлив развој во деловниот свет, што потенцијално води кон подобра рамнотежа помеѓу работата и животот. Оваа мерка позитивно се одрази на некои од најранливите групи работници, како што се лицата со попреченост и самохраните родители. Сепак, далечинските и онлајн активностите имаа главно негативни импликации, особено меѓу обесправените групи кои наидоа на повеќе пречки отколку придобивки. На пример, некои деца не можеа да го остварат своето основно право на образование, а таму каде што услугите за рана детска грижа беа суспендирани, работата од дома стана огромен предизвик за родителите. Згора на тоа, дигиталната неписменост ги погодува повеќето постари луѓе, на кои често им недостасуваше поддршка и затоа не можеа да пристапат до некои основни дигитални услуги. Затоа, овие нови развојни околности треба внимателно да се следат и постојано да се подобруваат, со цел да се поттикнува градење на фер и праведни општества за сите.

Кризата зеде силен замав и ја зголеми поделбата на приходите меѓу најбогатите и најсиромашните луѓе ширум светот, генерирајќи огромни бранови на губење на работни места низ Европа и пошироко. Стапките на невработеност достигнаа загрижувачки нивоа, со два милиони повеќе невработени работници во Европа на почетокот на 2021 година во споредба со претходната. Стапката на невработеност се зголеми (на 8,0%),[7] како и процентот на луѓето кои живеат во сиромаштија

6 Европска комисија (2017) Европскиот столб за социјални права: https://ec.europa.eu/info/strategy/priorities-2019-2024/economy-works-people/jobs-growth-and-investment/european-pillar-social-rights_en
7 Евростат (2021) Евроиндикатори – Невработеност: https://ec.europa.eu/eurostat/documents/2995521/11563203/3-30072021-CP-EN.pdf/35dbf525-da32-809f-0f9d-cd36a271a760?t=1627633423854

и не можат да си дозволат пристојно домување, квалитетна храна, образование или основна здравствена заштита. Организациите на граѓанското општество одлучно бараа да се воведат шемите за заштита на работните места и платите, но тие не беа спроведени универзално, а често и на сметка на работниците кои се во најнесигурни ситуации. Младите, мигрантите и самовработените често беа оставени сами на себе. Општо земено, социјалната кохезија и вклученоста не беа приоритетни прашања.

Додека општествата во Европа и ширум светот се обидуваат да се оправат од кризата, СОЛИДАР верува дека **постои голема динамика за поставување на социјалната правда на приоритетна позиција преку праведна транзиција, како и за туркање на прогресивни идеи во креирањето политики и на европско и на национално ниво.** Европскиот столб за социјални права и неговиот неодамна усвоен Акционен план се клучни инструменти за оваа цел. Во овој период, СОЛИДАР и прогресивното движење можат да бидат катализатори за фундаментални промени кон поправедна и позелена Европа. Нашата цел е да изградиме подобро: време е да го промениме нашиот пристап и да ја развиеме Европската унија со високи социјални стандарди и правични услови за живеење и работа што луѓето ги заслужуваат.

# Еднакви можности и фер услови за работа

## ВРАБОТУВАЊЕ, НЕСИГУРНОСТ И РАБОТНИ УСЛОВИ

Мониторите за социјални права објавени во 2019 и 2020 година забележаа бавни, но позитивни поместувања во социјалните услови, на пример, зголемени минимални плати во Шпанија, Чешка и Унгарија.[8] Сепак, некои земји сè уште не закрепнаа целосно од акутната финансиска криза која започна во 2008 година. Затоа, пандемијата од 2020 и 2021 година ја втурна Европа во најлошата економска криза од Втората светска војна до сега, што веројатно ќе доведе до интензивни и трајни последици, а некои од нив сè уште не може да се измерат. Важно е да се забележи дека, за време на најтешките фази на пандемијата, многу земји се потпираа на активностите воспоставени од граѓанските организации, кои обезбедуваа услуги и даваа основна поддршка во речиси секоја анализирана земја. Вообичаените активности во различни земји вклучуваат обезбедување оброци и засолништа за сиромашни или бездомници, преведување на правилата за „Ковид-19“ на странски јазици, групно финансирање за дигитални алатки како што се персонални компјутери и многу повеќе. Сепак, **нивото на невработеност**

8 Холевијн, Ј. (2020) Европски трендови. Монитор за социјални права 2020: https://www.solidar.org/system/downloads/attachments/000/001/186/original/European_Trends_FINAL.pdf?1607694969




**се зголеми, што влијаеше на 7,1% од државјаните на ЕУ во 2020 година**[9] – зголемување од повеќе од еден процент во споредба со 2019 година. Засегнати беа и земјите надвор од ЕУ. И покрај растот на стапката на вработеност во Северна Македонија во изминатите години, земјата изгуби 6 проценти во 2020 и 2021 година.[10] Истото важи и за Србија, каде што нивото на невработеност достигна историски најниско ниво во вториот квартал од 2020 година, пред повторно да порасне.[11] Земјите-членки презедоа различни активности за да ги минимизираат негативните ефекти од пандемијата. Поголемиот дел од мерките беа насочени кон спречување на банкрот на бизнисите. Следните најчести мерки ги заштитија приходите и нивоата на вработеност. Меѓу анализираните земји, Шпанија, Грција и Унгарија забележаа најголем пораст на невработеноста од почетокот на пандемијата; додека Холандија, Германија и Италија забележаа најмали зголемувања.[12] За Италија, ова може да се објасни со воведувањето на првата привремена забрана за отпуштања во Европа во февруари 2020 година, што спаси илјадници работни места. Сепак, бројот на работни часови беше драстично намален во сите земји, што предизвика намалување на месечниот приход на многу луѓе. Меѓу земјите опфатени со оваа студија, најостро намалување на работното време забележа Италија (-9,7%), а веднаш по неа и Грција (-7,9%). Најмногу им се намалило работното време на ранливите категории, како што се младите, самовработените и несигурните работници.

Несигурноста и нестабилните работни услови сè уште погодуваат премногу луѓе во Европа, а ситуацијата не се подобри во текот на минатата година, **бидејќи се зголеми бројот на флексибилни работници и работници на веб-платформи, како и на самовработени.** Сè полошите услови за работа стануваат постојана реалност за најмладите, за кои веројатноста да останат без работа беше најголема. Всушност, низ Европа, младите жени на возраст од 18 до 34 години беа најранливата група работници. Најниска стапка на губење на работни места е кај мажите на возраст од 35 до 50 години.[13] Многу Национални стратегиски групи кои придонесоа за оваа публикација дополнително забележуваат дека има обесправеност кај младите кои влегуваат на пазарот на трудот, бидејќи можностите за обуки се драстично намалени поради условите за работа од далечина.



9 Евростат (2021). Невработеност по пол и возраст - годишни податоци: https://appsso.eurostat.ec.europa.eu/nui/show.do?dataset=une_rt_a&lang=en
10 Влада на Република Северна Македонија, (2021), Активно население: https://www.stat.gov.mk/PrikaziSoopstenie_en.aspx?rbrtxt=98
11 ОРВС (2021) Анкета за работна сила: https://publikacije.stat.gov.rs/G2021/PdfE/G20211239.pdf
12 Еврофонд (2021) Живеење, работа и КОВИД-19: https://www.eurofound.europa.eu/sites/default/files/ef_publication/field_ef_document/ef20059en.pdf
13 Исто.

Загрижувачки е тоа што резултатите од оваа студија сугерираат дека придобивките во социјалните стандарди постигнати во текот на последната деценија може да се изгубат. Се чини дека најголемо е влијанието врз нивоата на вработеност на обесправените и групите во ранливи ситуации (млади луѓе, лица со попреченост, жени, ЛГБТКИ+, мигранти). Една од причините е што мерките за физичко дистанцирање имаа значително влијание врз секторите кои вработуваат висок процент на жени, а вработеноста на жените опадна подрастично отколку за време на рецесијата во 2008 година. Дополнително, затворањето на училиштата и другите установи за детска грижа во голема мера ги зголеми потребите за згрижување на децата, со веројатно непропорционално влијание врз вработените родители, особено жените.

Пандемијата доведе до подобрување на статусот на некои професии, особено во секторите кои се покажаа како суштински за функционирањето на општествата за време на пандемијата. Работниците во овие сектори беа од редовите на образовниот и истражувачки персонал (наставници, асистенти, професори, истражувачи, културни олеснувачи и кадар во образовни институции), како и здравствен персонал (медицински сестри, работници за социјална заштита, лекари и немедицински персонал). Највпечатлив пример беше Србија, која ги ангажираше сите здравствени работници кои волонтираа за време на вонредната состојба. Во Германија, успешно се преговараше за зголемување на платите на здравствените и социјалните работници преку нов колективен договор: синдикатите добија пораст од 1,4% за сите работници на 1 април 2021 година, со дополнително зголемување од 1,8% од 2022 година.[14] Француските синдикати добија и зголемување на платите за здравствените работници во јуни 2020 година, по демонстрациите и штрајковите.[15]

## ОБРАЗОВАНИЕ

Образовниот сектор беше истакнат како никогаш досега во најкритичните фази на пандемијата. Со цел да се намали ширењето на коронавирусот, повеќето земји одлучија привремено да ги затворат училиштата и институциите за образование и обука, преместувајќи ги часовите и курсевите онлајн во март 2020 година.

Иако далечинското учење и дигиталните платформи се покажаа како суштински за да се овозможи продолжување на образовниот процес, тие доведоа до дополнителни нееднаквости и дискриминација меѓу наставниците и учениците. Во сите анализирани земји, **поранливите категории на ученици** - како што се оние кои споделуваат дигитални алатки или пристап до интернет, оние на кои им недостига соодветна средина за учење, или оние чии родители не можеа да бидат од помош поради јазичните или дигиталните бариери **- често беа оставени сами на себе.** Повеќе од 40% од Европејците немаат основна дигитална писменост.[16] Со затворањето на училиштата, децата и учениците со



14 ЕПСУ (2021) Германија: Последен договор за зголемување на платите во здравството: https://www.epsu.org/article/germany-latest-agreement-boost-pay-health-and-care
15 Би-би-си (BBC) (2020) Коронавирус: На здравствените работници во Франција им се зголемија платите во вредност од 8 милијарди евра: https://www.bbc.com/news/world-europe-53398208
16 Френк, А, (2020) Монитор за граѓанство и доживотно учење 2020 година: https://www.solidar.org/en/publications/citizenship-and-lifelong-learning-monitor-2020

попреченост или со посебни образовни потреби ги загубија наставниците кои им беа за поддршка. Згора на тоа, веројатноста учениците од обесправените средини да страдаат од стресни домашни околности исто така беше многу поголема, што има огромно негативно влијание врз менталното здравје и развој. Во просек, 5,7% од младите Европејци на возраст од 18 до 24 години не се во образование, ниту имаат вработување, ниту обука (NEET), при што највисоки се стапките во Шпанија со 9,7% и Бугарија со 8,7%.[17]

Националните стратешки групи нагласуваат дека националните образовни системи не биле подготвени да се справат со таква ненадејна промена. Затоа, многу училишни системи во Европа и пошироко во голема мера прифатија да користат онлајн платформи за учење обезбедени од приватни компании. Во Грција, владата препорача нејзините училишта и образовни институции да користат Webex, онлајн платформа обезбедена од приватна американска компанија. Решенијата понудени од приватниот сектор тежнеат да ја поткопаат образовната еднаквост и академската слобода и предизвикуваат загриженост во однос на политиките на компаниите за заштита на податоците, како и нивните цели за максимизирање на профитот.[18] Затоа, Националните стратешки групи на СОЛИДАР бараат повеќе ресурси со отворен код, како и дигитални обуки и за наставниците и за учениците, кои треба да бидат свесни за нивните права и ризиците што произлегуваат од дигиталните онлајн образовни алатки. За време на пандемијата, беа пронајдени некои добри практики во Србија, каде што една добротворна фондација понуди бесплатни учебници за основно училиште во PDF формат.

## РОДОВА ЕДНАКВОСТ

Кревките придобивки во родовата еднаквост постигнати во текот на изминатите години може да се изгубат со влијанието на пандемијата врз родовото насилство, родовите улоги како што се домашната работа и грижата за децата, како и условите за работа и вработување на жените. Всушност, стапката на вработеност на жените падна побрзо од онаа на мажите, а затворањето на училиштата и установите за ран детски развој ги зајакна родовите стереотипи и имаше непропорционален ефект врз вработените мајки. Во просек, континуираното зголемување на вработеноста на жените во изминатите години отсекогаш се спротивставуваше со екстремна родова сегрегација на пазарот на трудот, а некои сектори имаат пониски плати и помала социјална заштита од другите. Во сите анализирани земји, жените се многу позастапени меѓу привремените и хонорарните работници, како и вработените во несигурни ситуации. За време на пандемијата, да се биде мигрант, самохрана мајка или млада жена значително ја зголеми веројатноста за ризик од сиромаштија**. Во сите земји евидентно е дека грижата и домашните обврски се нееднакво распределени. Ова најчесто го ограничува учеството на жените на пазарот на трудот, политиката и општествениот живот** - особено за време на затворањето на училиштата. Во Унгарија, 95% од министрите во земјата и 100% од членовите на одборите на организациите

17 Евростат (2021) Дистрибуција на лица кои рано напуштаат образование и обука 2020 година: https://ec.europa.eu/eurostat/statistics-explained/images/7/7e/Distribution_of_early_leavers_from_education_and_training_aged_18-24_by_labour_status%2C_2020_%28%25_of_population_aged_18-24%29.png

18 За подетална анализа на влијанието на пандемијата врз приватизацијата на образованието, видете: Фондација СОЛИДАР (2021) Комодификацијата на образованието и застапеноста на засегнатите страни за профитабилно образование: https://www.solidar.org/system/downloads/attachments/000/001/374/original/SOLIDAR_Foundation_Policy_Paper_on_the_Commodification_of_Education_October_2021.pdf?1633423601

за финансирање на истражувачка работа се мажи.[19] Во Франција, 80% од луѓето одговорни за секојдневните домашни работи се жени.




Европската комисија се обврза на подеднакво и поправедно европско општество, особено преку Претседателството на Урсула фон дер Лајен, но останува уште многу да се направи во однос на родовата еднаквост. Акциониот план на Европскиот столб за социјални права постави цел да се постигне стапка на вработеност од 78% до 2030 година, а истовремено да се преполови родовиот јаз во вработеноста во споредба со 2019 година.[20] Сепак, Европскиот индекс за родова еднаквост покажува дека, со сегашната стапка на развој, ќе бидат потребни повеќе од 60 години за да се постигне целосна родова еднаквост,[21] што укажува на итната потреба да се создаде притисок за поамбициозни политики за еднаквост низ Европа. Згора на тоа, не е охрабрувачки да се забележи дека, иако целта за вработување на Стратегијата Европа 2020 е речиси постигната – поместувањето е за само 3 проценти[22] – родовиот јаз останува висок во сите европски земји.

Во ноември 2020 година, Европската унија ја усвои својата прва стратегија за ЛГБТИК еднаквост на ЕУ, за 2020-2025 година.[23] Истата се залагаше за усвојување на директива за недискриминација и презеде некои позитивни чекори кон постигнување еднаквост, обезбедување безбедност за ЛГБТКИ+ луѓето и градење инклузивни општества низ земјите-членки на Европската унија. Холандија неодамна направи мал чекор напред, со отстранување на сите родови регистрации ('Х', 'Ж', 'М') од лични карти и документи од 2024 година. Ова ќе го олесни промовирањето на еднаквоста и почитувањето на сите родови идентитети и карактеристики, како и препознавање на ЛГБТКИ+ заедницата.

19 ЕИГЕ (2021) Индекс на родова еднаквост 2020 – Унгарија: https://eige.europa.eu/gender-equality-index/2020/HU
20 Акционен план на Европскиот столб за социјални права (2021): https://op.europa.eu/webpub/empl/european-pillar-of-social-rights/en/
21 ЕИГЕ (2021) Индекс на родова еднаквост 2020: https://eige.europa.eu/gender-equality-index/2020/
22 Стратегијата Европа 2020 ја постави целта за вработување за 2020 година на 75% од населението, додека европската стапка на вработеност беше 72% на крајот од 2020 година. Стратегијата е достапна на интернет (стр.3): https://ec.europa.eu/eu2020/pdf/COMPLET%20EN%20BARROSO%20%20%20007%20-%20Europe%202020%20-%20EN%20version.pdf
23 Европска комисија (2020) Унија на еднаквост: ЛГБТИК Стратегија за еднаквост 2020-2025: https://ec.europa.eu/info/sites/default/files/lgbtiq_strategy_2020-2025_en.pdf

# Социјална заштита и иклузија

Пандемијата со Ковид-19 нè потсети на многу аспекти од секојдневниот живот кои честопати остануваат незабележани. Исфрли на површина длабоко вкоренети нееднаквости и нè потсети колку е важно да се вреднуваат и поддржуваат просторите и услугите кои често се земаат здраво за готово. Тука се вклучени институциите за образование и обука, здравствените системи кои се грижат за физичкото и менталното здравје, добро функционалните системи на социјална заштита за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост, како и услуги кои се борат против родовото насилство. Генерално, влијанието на пандемијата беше драматично за повеќето луѓе, допирајќи ги повеќето аспекти од секојдневниот социоекономски живот низ Европа и пошироко. Многу Национални стратегиски групи побараа здравствена заштита за сите - вклучително и мигрантите и лицата без документи – како и воведување лесно пристапна поддршка за ментално здравје.

## ЗГОЛЕМЕНА СИРОМАШТИЈА, ЗГОЛЕМЕН ЈАЗ ВО БОГАТСТВОТО

**Јазот во богатството меѓу богатите и сиромашните драстично се зголеми во 2020 и 2021 година,** со загрижувачки пораст и на бројот на луѓе кои живеат во сиромаштија и на бројот на милијардери. Додека 21,9% од населението на ЕУ живееше во ризик од сиромаштија




во 2020 година - со повеќе од 33% во Бугарија, повеќе од 25% во Грција и Шпанија и повеќе од 30% во Естонија и Германија[24] – комбинираното богатство на европските милијардери се искачи на речиси 3 трилиони евра.[25] Тоа значеше дека најбогатите луѓе беа заштитени од економското влијание на пандемијата, а товарот го носеа луѓето со средни и ниски приходи. Германија има најголем процент на зборатени милијардери во Европа, додека Франција забележа пораст на продажбата на луксузни и модни стоки во текот на годината. Во исто време, други луѓе во Европа бараа субвенции за хипотеки и кирии, како и итни одговори на недостигот од достапни станови и на пренаселените станови, кои беа истакнати како главни проблеми во повеќето анализирани земји. Пренатрупаноста, која ги спречува луѓето да живеат во ментално и физички безбедни простори, зафати 39,5% од населението во Бугарија, 36,2% во Хрватска и 29,1% во Грција.[26] Дури и вработените Европејци не можеа да си дозволат основен животен стандард: повеќе од 9% од вработените

24 Евростат (2020) Луѓе изложени на ризик од сиромаштија 2020: https://ec.europa.eu/eurostat/statistics-explained/index.php?title=File:People_at_risk_of_poverty_2020_WEB1_FINAL.png
25 Форбс (2021) 2021 Листа на светски милијардери: https://www.forbes.com/billionaires/
26 Евростат (2021). Стапка на пренатрупаност по возраст, пол и статус на сиромаштија - вкупно население: https://ec.europa.eu/eurostat/databrowser/view/ilc_lvho05a/default/table?lang=en

луѓе во Европа беа изложени на ризик од сиромаштија, со високи 11,8% во Шпанија и Луксембург, проследено со 10,6% во Германија и 10,5% во Естонија.[27]

## МИГРАНТИ, БЕГАЛЦИ И БАРАТЕЛИ НА АЗИЛ

Низ анализираните земји, ситуацијата со мигрантите, бегалците и барателите на азил се влоши во текот на 2020 и 2021 година. Веќе во ранлива позиција поради долгите бирократски процедури, јазичните бариери и дискриминацијата на работа и во општеството, мигрантите, бегалците и барателите на азил се една од групите најизложени на последиците од економскиот пад. Пандемијата негативно влијаеше на меѓународните патувања, намалувајќи ја миграцијата во различни европски земји. Во исто време, длабоката рецесија предизвикана од пандемијата изврши дополнителен притисок врз постоечките конфликти ширум светот и често ги влошуваше. Па така, миграцијата веројатно продолжуваше да се одвива во самите земји или кон соседните земји.[28] Покрај тоа, некои земји се обидоа да ја обесхрабрат миграцијата што е можно повеќе. Грција, на пример, на почетокот на 2020 година ја одобри контроверзната мерка за затворање на надворешната граница и суспендирање на процедурите за барателите на азил. Сепак, ниту ситуацијата на мигрантите, бегалците и барателите на азил кои живеат во европските земји не беше полесна: тие претрпеа нееднаквости во третманот и честопати не им беше дозволен пристап до основните услуги. Ова беше особено видливо во процесите на вакцинација воспоставени низ Европа, кои често не вклучуваа мигранти без документи или луѓе кои чекаат да им бидат одобрени документите. Така беше во Франција, Данска и Холандија. Оваа ситуација, заедно со социјалното дистанцирање и суспензијата на активностите на многу граѓански организации кои работат на приемот на мигранти, бегалци и баратели на азил, го попречија вклучувањето на мигрантите и ја влошија социјалната кохезија низ Европа.

На европско ниво, Европската комисија го претстави својот Акционен план за интеграција и инклузија, стратешки план за периодот од 2021 до 2027 година. Тој е изграден врз основа на претходниот акциски план (од 2016 година) и има за цел да одговори на постојаните предизвици, особено оние што се случуваат на пазарот на трудот, во образованието и во пристапот до јавните услуги. Сепак, сеопфатниот концепт на планот е интеграција, сфатена како заеднички напор и од заедниците и од новодојденците, кои треба да го отелотворат таканаречениот европски начин на живот.[29]

27 Евростат (2021). Стапка на ризик од сиромаштија кај вработени лица: https://ec.europa.eu/eurostat/databrowser/view/tespm070/default/table?lang=en
28 [1] Меѓународен центар за развој на миграциска политика ИЦМПД (2020) Преглед на миграцијата за 2021 на ИЦМПД: https://www.icmpd.org/file/download/50542/file/ICMPD_Migration_Outlook_2021_final.pdf
29 Европска комисија (2020) Соопштение за печат – Вклучување за сите: Комисијата го презентира акциониот план за интеграција и инклузија 2021-2027: https://ec.europa.eu/commission/presscorner/detail/en/ip_20_2178

## ПРИСТАП ДО ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА

Во текот на 2020 и 2021 година, европските здравствени системи беа во центарот на политичките и организациските дебати како никогаш досега. Тие станаа вообичаена тема во Европа и пошироко, бидејќи цврстите, инклузивни, добро функционални јавни здравствени системи беа од суштинско значење за напорите да се спречи ширењето на коронавирусот. Пандемијата истакна многу слаби точки, особено во земјите во кои недостасуваат болнички кревети, како и медицински и немедицински персонал. Ова беше случај со Италија, Шпанија и Обединетото Кралство, каде што стапката на смртни случаи поради Ковид-19 беше највисока. Во речиси сите анализирани земји, географските нееднаквости опстојуваат: генерално, потешко е да се пристапи до квалитетна или специфична нега во руралните и обесправените области.

На крајот, Националните стратегиски групи на СОЛИДАР го истакнуваат влошувањето на менталното здравје поради новонастанатата ситуација која е стресна и неизвесна и која резултираше со загуба, тага, сиромаштија, страв и недостаток на социјален контакт. Затоа, граѓанските организации повикуваат на итен развој на јавни и достапни системи за психолошка поддршка. Во повеќето земји, услугите за ментално здравје во моментов се луксуз што само мал дел од населението може да си го дозволи. Згора на тоа, како што е нагласено од истражувањето спроведено во Италија, симптомите на депресија експоненцијално се зголемиле кај младите, кои најчесто се застапени меѓу луѓето во ризик од сиромаштија.

# Граѓански простор

Според анализата спроведена во оваа публикација, **граѓанскиот простор се намалува поради новонастанатите ограничувања на граѓанскиот простор и основните слободи усвоени во 2020 и 2021 година.** Главната загриженост што ја споделуваат Националните стратешки групи на СОЛИДАР е дека ограничувањата наметнати за да се спречи ширењето на коронавирусот може да има долгорочно негативно влијание врз основните права. Иако се признава дека ограничувањата често биле неопходни за да се спречи пандемијата, сепак загрижува тоа што некои од нив не биле изготвени или имплементирани со транспарентност. Некои не ги инкорпорираат принципите на неопходност и на пропорционалност. Генерално, протестите и јавните демонстрации често беа сведоци на употреба на сила и незаконско приведување од страна на полициските сили. Ова беше случај во Грција, Германија, Франција, Србија, Обединетото Кралство, Унгарија и Холандија.[30] Во текот на годината, најголемите демонстрации низ Европа ги

30 Оваа информација, објавена во мониторите од секоја од земјите во оваа публикација, е поддржана од извештаите на Националните стратегиски групи, како и од анализата на Амнести интернешнал (2020) „Полициско работење во пандемија – Прекршување на човековите права во спроведувањето на мерките за ковид-19 во Европа " (достапно онлајн на https://www.amnesty.eu/wp-content/uploads/2020/06/Report-Policing-the-pandemic-FINAL-.pdf)

собраа луѓето околу темите за климатската криза, мерките за Ковид-19 и движењето „Животите на црнците се важни“ (Black Lives Matter - BLM). Ова движење го следеше убиството на Џорџ Флојд од страна на полицаец во Минеаполис во мај 2020 година и имаше огромен одзив во САД и пошироко.

Дополнително, може да се заклучи од мониторите од земјите опфатени со оваа публикација дека некои мерки што ги ограничуваа граѓанските простори низ Европа имаа асиметрични ефекти врз различни општествени групи, честопати зголемувајќи ги длабоко вкоренетите форми на дискриминација. Спроведувањето на мерките за заклучување, како што се ограничувањата на слободата на движење, непропорционално влијаеше на најранливите групи и доведе до дополнителна маргинализација, стигматизација, па дури и насилство. Во Италија, Шпанија и Велика Британија, бездомниците се казнети поради непочитување на правилата за самоизолација.[31] Полициските контроли беа често непропорционално насочени кон одредени етнички групи. Во Обединетото Кралство, на пример, 7,2 од секои 1.000 црнци беа запрени во март 2020 година, но 9,3 беа запрени во април 2020 година, првиот месец на пандемични ограничувања.[32] Слични податоци беа пријавени и во Франција, каде што во областа Сен Дени - работничка населба со висок процент на странци - бројот на казни беше двојно поголем од националниот просек.[33]



31 Амнести Интернешнал (2020) „Полициско работење во пандемија – Прекршување на човековите права при спроведувањето на мерките за ковид-19 во Европа“: https://www.amnesty.eu/wp-content/uploads/2020/06/Report-Policing-the-пандемија-ФИНАЛЕ-.pdf
32 Метрополитенска полиција на Обединетото Кралство (2021) Разделени податоци септември 2019 - септември 2021 година: https://www.met.police.uk/sd/stats-and-data/met/stop-and-search-dashboard/?__cf_chl_captcha_tk__=pmd_ThVjF-BuHOHGoqmqqxX0bnryoYYG9Fs9PjQ4jPLs.vPw-1634643028-0-gqNtZGzNA1CjcnBszQh9
33 Le Parisien (2020) Coronavirus en Seine-Saint-Denis : un nombre record d’amendes: https://www.leparisien.fr/seine-saint-denis-93/coronavirus-en-seine-saint-denis-un-nombre-record-d-amendes-police-et-justice-durcissent-le-ton-19-03-2020-8284008.php

# Европски механизам за закрепнување и отпорност

Во мај 2020 година, Европската комисија објави план за позајмување 750 милијарди евра за поддршка на социоекономското закрепнување во ЕУ и некои други делови на Европа, т.н. NextGenerationEU. Централниот дел на планот беше Механизмот за закрепнување и отпорност, кој ќе ги финансира реформите во поголемиот дел од Европа до крајот на 2026 година. Од секоја земја-членка на ЕУ се бара да подготви Национален план за закрепнување и отпорност (НПЗО) за усвојување на европско ниво. Секој НПЗО требаше да вклучи опис на тоа како земјата има намера да ги потроши европските грантови и заеми со цел да закрепне од кризата и да постигне повисоки социоекономски стандарди. Плановите требаше да го следат принципот на родова еднаквост и шесте идентификувани области на политики, вклучувајќи ја зелената и дигиталната транзиција, социјалната и територијалната кохезија, социоекономската отпорност и образованието.

Мониторот за социјални права 2021 на СОЛИДАР истражува до кој степен граѓанските организации биле вклучени во постапката за изготвување на овие национални планови за закрепнување и отпорност. Речиси во секоја земја, Националните стратешки групи известуваа дека кризата со Ковид-19 насилно влијаела на социјалниот и граѓанскиот дијалог. Во многу од анализираните земји беше прогласена вонредна состојба, што резултираше со помалку транспарентни и помалку инклузивни процеси на креирање политики поради исклучителната ситуација и неопходноста од брзо усвојување на нови мерки. Ова не беше позитивно прифатено од организираното општество и трудот, особено во однос на подготовката на НПЗО. Всушност, член 18(4) (q) од Регулативата за Механизмот за закрепнување и отпорност бара од владите да спроведат отворени консултации со социјалните партнери, граѓанските организации и другите релевантни засегнати страни и да го одразуваат нивниот придонес во плановите. **Ова не беше случај – барем не на смислен и структуриран начин – во ниту една од анализираните земји.** Генерално, резултатите од овогодинешниот Монитор за социјални права во однос на улогата на граѓанските организации во развојот на НПЗО се во согласност со исходот од неодамнешното истражување спроведено од Европскиот економски и социјален комитет (ЕЕСК). Истиот вели дека процесите на консултации „се далеку од задоволителни во однос на оправданите барања на граѓанското општество, па дури и во однос на условите утврдени во Регулативата за Механизмот за закрепнување и отпорност“. СОЛИДАР жали што мора да направи таква проценка, особено во однос на клучната улога што ја игра граѓанското општество за време на вонредната состојба и неговиот неискористен потенцијал да промовира иновативни и социјално праведни мерки за да помогне во закрепнувањето од кризата. Ги повикуваме националните власти да го зајакнат граѓанскиот и социјалниот дијалог за време на фазата на имплементација на Националниот план за закрепнување и отпорност и ги повикуваме властите на ЕУ внимателно да го следат овој процес.

**ОДГОВОРЕН УРЕДНИК:**
Mikael Leyi

**АВТОР:**
Beatrice di Padua

**КООРДИНАЦИЈА НА ИЗДАНИЕТО:**
Carlos Roldán Mejías, Giorgia Gusciglio, Martina Corti

**ЛЕКТУРА:**
Sebastian Moffett

**ПРЕВОД ОД АНГЛИСКИ:**
Pero Sardzoski - translator, Pegasus ELS

**ГРАФИЧКИ ДИЗАЈН:**
Maximilian Fischer

**СО ПРИДОНЕС НА:**
Institute for Social Integration (Bulgaria), Centre for Peace Studies (Croatia), Forum for International Cooperation (Denmark), MKC Praha (Czechia), Johannes Mihkelson Centre (Estonia), ONG OGBL Solidarité Syndicale (Luxembourg), CEMÉA (France), Ligue de l'Enseignement (France), Association for the Social Support of Youth (Greece), PGA-Hungary (Hungary), Associazione Ricreativa e Culturale Italiana (Italy), Community Development Institute (North Macedonia), Initiative for Development and Cooperation (Serbia), Eudamonia (the Netherlands), VolontEurope (the UK and Germany), Movimiento por la Paz (Spain)

TOGETHER FOR SOCIAL EUROPE

FEPS
FOUNDATION FOR EUROPEAN PROGRESSIVE STUDIES

© FEPS 2021
© SOLIDAR 2021

European Commission

Оваа публикација е изработена со финансиска поддршка на Европската Унија. Информациите содржани во оваа публикација не ги одразуваат позициите или мислењата на Европската комисија.